# „Исламот се темели врз пет

Од Ебу Абдурахман, Абдулах бин Омер бин Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Исламот се темели врз пет (столба): сведоштвото дека нема божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Божји пратеник, клањањето на намазот, давањето зекат, постот на месецот рамазан и аџилакот.“
[صحيح] [رواه البخاري ومسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, го споредува исламот со прецизно изградена зграда, која има пет темели во објектот, а останатите пропишани дела се како надградбата на овој објект. Првиот столб е: двете сведоштва. Сведоштвото дека нема бог достоен за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Негов пратеник. Овие две сведоштва претставуваат еден рукн (темел), едното не може да се одвои од другото. Затоа, Аллаховиот роб е должен вербално да потврди дека Возвишениот Аллах е Еден и дека само Тој заслужува да биде обожуван и да постапува според тоа, а потребно е да го потврди пратеништвото на Мухамед и да го следи. Вториот столб е: извршувањето на намаз, кој вклучува пет задолжителни намази во текот на денот и ноќта: утрински (сабах), пладневен (зухр), попладневен (аср или икиндија), вечерен (магриб или акшам) и јацција или иша'; со сите нивни шартови, рукнови и ваџиби. Третиот столб е: давањето задолжителен зекат. Тоа е имотен ибадет задолжителен за одредени видови имот, доколку го поседува во количина над одредената со верозакон граница, и им се дава на оние за кого е пропишан. Четвртиот столб е: извршување на аџилакот/хаџот. Тоа е посета на Мека за извршување на одредени обреди со кои луѓето го обожуваат Семоќниот Аллах. Петтиот столб е: постот на месецот памазан. А тоа е воздржување од јадењето, пиењето и другите работи кои го прекинуваат постот, од зората до зајдисонце со намера да Му се приближиме на Семоќниот Аллах.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66512